# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 ноември 2003 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала , со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почнуваме со работа.

Ќе добиете покорегиран текст, така што значи покрај продолжението со 43-тата седница на Собранието, по завршувањето ќе продолжиме со 40-та седница, онака како што и беше најавено, така што тоа е грешка во ова известување.

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Денеска е Свети Арангел, ја користам можноста да им го честитам празникот на сите православни верници, меѓутоа, денеска мојата сугестија е да одиме според она како што ни го доставивте листот на закажани активности.

Имено, за денеска е договорена, мислам во закажаните активности ставена замо 43-тата седница, со двете точки кои што не се завршени. Инаку вчера во листот што беше доставен кај нас на работните маси, на закажаните активности после 43-та беше и 40-та седница. Меѓутоа, ќе кажам ова сега, не е искористување, меѓутоа во разговорите со претседателот на Собранието рекоа во неформален разговор дека после 43-та ако завршиме порано нема да продолжи 40-та седница. И очевидно некој се договарал со коалиционите партнери, тоа јас не сакам да навлегувам и не сакам да  дебатирам околу тоа, меѓутоа ние како пратеничка група бараме денеска да работиме согласно на тоа што ни е дадено т.е. 43-та седница, поготово што дел од нашите пратеници не се присутни за делот на точките кои што треба да бидат за 40-та седница.

Значи нашиот предлог е да работиме според она како што ни е доставено на работните маси. Инаку и минатиот пат така еднаш се случи, да едно ни се достави па после за 5 минути друг текст на закажани активности во соодветниот ден. Значи

јас би сакал да се задоволи нашето барање и денеска да работиме само по 43-тата седница. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Трајановски.

Јас би сакала да појасниме. Вчера претседателот на завршувањето на седницата знаете дека најави дека денеска продолжуваме со работа со вчерашната седница и веднаш по завршувањето со неа ќе ја продолжиме прекинатата 40-та седница. Вие сите, и вашите пратеници знаат дека денеска работиме на двете седници. Така што не е оправдание вашите пратеници ако не дошле, не е оправдание дека не знаеле што ќе биде. Вашите пратеници не знаеја дека овој дневен ред што е сега по грешка доставен дека тој ќе биде ставен денеска на маса. Така што немојте значи, неприсуството на вашите пратеници да го правдате со тоа господине Трајановски. Мислам дека не е во ред и јас мислам дека треба да го исползуваме денот, да си одиме онака како што вчера се договоривме и како што денеска впрочем и ќе биде мислам поделен дневниот ред. Денеска со оглдед на точките, најверојатно денес и нема да завршиме господине Трајановски, меѓутоа да поминеме што поголем дел од материјата. Јас ве молам за разбирање и да продолжиме на она како што се договоривме. Значи продолжуваме со работа по 43-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Лилјана Ивановска, АНдреј Жерновски, Слободан Најдовски, Љупчо Јордановски, Трифун Костовски, Зоран Томиќ, Али Ахмети, Фазли Велиу, Хусеинџеват Хусеини, Теута Арифи, Марија Којзеклиска, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Сашко Кедев, Никола Груевски, Ристо Пејовски и Илија Китановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година. Тоа е 14-та точка од дневниот ред.

За збор има неколку пријавени.

На ред е господинот Сашо Дохчев, а потоа пријавени се господин Талат Џафери, Зоран Заев и Благородна Мингова-Крепиева, меѓутоа не сум сигурна дека се тука во салата. Во моментот господин Сашо Дохчев. Повелете.

САШО ДОХЧЕВ:

Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитуван главен државен ревизор, почитувани колеги пратеници,

Од секогаш сум бил застапник на кратки, на концизни излагања да се навлезе во сржта на темата која се обработува, а да не се замараат слушателите. Се разбира ова е многу тешко да се направи но токму тоа ќе се обидам да го направам.

Ја користам можноста да како пратеник, во неколку реченици иако сум лаик за оваа проблематика кажам неколку свои генерални размисли и констатации во врска со Годишниот извештај за извршените ревизии и работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година.

Извештајот објективно ја прикажува состојбата од извршените ревизии за 2001 година, за финансикото работење на државните субјекти, определени со член 1 од Законот за државна ревизија, односно постигната е основната цел, а тоа е да ревизорот изрази мислење.

1. Дали финансиските извештаи вистинито или објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот од финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и

2. Дали е остварено наменско и законско користење на средства кои претставуваат државни расходи.

Самиот завод во Извештајот констатира дека 95 извршени ревизии се само 5,46% од вкупниот број на субјекти подложни на државна ревизија и дека неможе да се даде валидна глобална оценка за нивниот вкупен ангажман, а особено неможе да се оценува законитоста и наменската соодветност во користењето на јавно прибраните средства. Сепак и покрај вака малиот процент според презентираните податоци и тоа дали повеќе од 65% од реализираните ревизии, државните ревизори имаат изразено негативно мислење по однос на објективноста и реалноста на презентираните финансиските извештаи и во приближно 27% од ревизиите, ревизорите имаат изразено резерва и воздржано мислење по однос на утврден број на позиции од финансиските извештаи или рзлично мислење за примена на прописите од мислењето на менаџерските тимови на субјектите, можеме да извлечеме повеќе, но за жал негативни констатации.

Уште еднаш по којзнае кој пат добиваме доказ за многу финансиски малверзации, за незаконско работење во еден изминат период и тоа што е најтрагично во државни органи и институции. А последиците од тоа ги чувствуваме и во сегашноста. Но во целата оваа трагедија за среќа има и малку среќа. Да сево ова се случуваше во едно минато, се надевам засекогаш свршено време. Беше да не се

повтори. Но се разбира ваквата констатација сама по себе не е доволна. За сето ова некој треба да сноси одговорност. Радува фактот што собраниската комисија за финансирање и буџет едногласно го прифатила извештајот констатирајќи ги сите овие неправилности.

И на крај, да завршам со искажувањето на потребата да Собранието во своите заклучоци, ова посебно го потенцирам, и да ги задолжи Владата на Република Македонија и другите надлежни институции да превземат најригорозни мерки на одговорност за лицата во институциите кои вршеле незаконска употреба, односно злоупотреба на јавните финансиски средства како што впрочем истакнуваат Заводот и Комисијата за финансирање и буџет во еден од своите заклучоци.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Талат Џафери и Благородна Мингова-Крепиева.

Благородна Мингова-Крепиева се откажува.

Има збор господин Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, почитувани пратеници,

Еве веќе втор ден расправаме по Извештајот од Државниот завод за ревизија. Изнесени се многу забелешки, изнесени се многу видувања, но кажавме дека оној што го читал внимателно овој извештај ќе дојде до ситуација дека во овој извештај имаме ситуации кој што од 1992 година воопшто не се разрешени, значи и покрај тао што извештајот за 2001 година, ситуации од 1992 година не се разрешени и мислам дека ние како пратеници треба да се заложиме сите заедно да обезбедиме една регуларност ако сакаме реално да ги гледаме работите јас во голем дел од некој од минстерствата се работи за 2001 година, се работи за воена година кога се случуваа многу работи кои што сигурно дека никој неможел да ги предвиди ни со буџет, ни со нешто друго. Некои работи се случувале адхок, тука има многу работи кои што се за оправдување, колку е работата завршена, колку не е завршена тоа ќе покаже времето и она што треба и како што се предадени до Владата, до извршните органи и сите што треба да ја разглдаат и да ги разгледаат овие работи.

Јас минатиот пат пошто добивме еден извештај од Владата кој беше повеќе од 200 страни и требаше истиот да го разгледуваме само после два дена се обидов да проговорам за тој извештај, мислам дека не најдовме разбирање и не се

проговори точно за она што се случува во оваа година помината, а сега зборуваме за пред две или три години. Ќе се обидам така на кратко во неколку црти да изнесам мое видување за она што го прочитав и за она што го видов.

Значи би проговорил чисто за две ситуации, тоа е Министерството за надворешни работи и Министерството за одбрана.

За мене беше симптоматично оти во самиот старт е напишано дека се работи во Министерството за надворешни работи без финансиски план и распределба на средствата за користење приходи што е спротивно на член 26 став 1, од Законот за буџет, а истото ова важи и за дипломатските конзуларни претставништва во странство кои што исто не го почитуваа Законот за буџет и не работеа по истиот. Во 2001 година, се остварени приходи во овие дипломатско-конзуларни претставништва од негде 3.934.000 евра, кои не се уплатени во Републичкиот буџет, значи воопшто ги нема во ниедна пресметка.

Понатаму, читајќи го овој извештај во точка 1.7. видов нешто што за мене, еве, е симптоматично, незнам кое е решението и како треба да се разреши овој случај. Се работи за договор за стан во Загреб кој е сопственост на АД "Порцеланка" - Велес. Овој стан регулирано со заклучок на Влада од 24.10.1996 година треба да стане стан во сопственост на Министерството за надворешни работи и за истото во 1997 година на АД "Порцеланка" и е исплатено 1.200.000 марки, или ако сакаме во денешната валута околу 600.000 евра, но станот сеуште не е во сопственост на Министерството за надворешни работи и во Загреб се плаќа кирија за некои други резиденции. Што се случи меѓувреме и каде завршија овие пари, сеуште денеска е 2003 година, ние немаме извештај, а истите беа дадени во 1997 година. Значи поминаа цели 6 години. Дали се работи за криминал, за отстапување на пари, тоа незнам.

Понатаму во став 1.9 од истото Министерство симптоматична е изградбата на амбасадата во Берлин. За истото претседателот на Владата на Република Македонија Бранко Црвенковски, издава полномошно број 19-1860 од 12.07.1995 година, со кое го овластува амбасадорот во Сојузна Република Германија да потпише договор за купување земјиште на адреса Хубертас Алтест 5 - Берлин без никакви лимити или износи на договорите, ниту се повикува на законски одредби или одлуки на Владата на Република Македонија. Ако го немате читано извештајот можам директно да ви читам од извештајот, колеги ако сакате, а мислам дека ќе биде и подобро. Госпоѓо, извештајот од 2002 година, страница 230, па сега бидејќи инсистирате јас ќе ви прочитам директно од извештајот, зашто изгледа го немате

читано, а ви имаат давано само тоа што има да прочитате. Ќе си земам за право госпоѓо претседателке зашто мислам во кратки црти да ја известам и македонската јавност, но гледам дека и колегите ова го немаат читано, па ќе се обидам сето ова да го пренесам како што е точно кажано во Годишниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година. Во септември 2003 година, во посебниот дел, тоа е страница 2.3.2, став 1.9.

“Министерството за надворешни работи има започнато активности околу изградба на амбасада во Берлин Германија, врз основа на полномошно број 191860 од 12.07.1995 година, со кое претседателот на Владата на Република Македонија го овластува амбасадорот на Република Македонија во Германија да потпише договор за купување на земјиште на адреса Хубвертус Алтест 5 - Берлин. Договор за архитектонски услуги и договор за изградба на објектот на истата адреса. Полномошното не содржи лимити или износи на договорите ниту се повикува на законски одредби или одлуки на Владата на Република Македонија.

Министерството за надворешни работи на 20.03.1995 година има изготвено информации за купување на објект за амбасада на Република Македонија во Сојузна Република Германија, со Предлог-одлука за купување на зграда за амбасада. Но, не постои доказ дека Владата на Република Македонија ја усвоила информацијата и дека ја донела одлуката. За купување на земјиштето и изградба на зграда на Амбасада на Република Македонија во Берлин е користен кредит од Дрезден Банк, Филијала Бон, број на партија 0269675702, на износ од 8.000.000 германски марки со времетраење од 20 години, кој вклучува 4 години грејс период и отплата на 16 годишни рати по 500.000 германски марки. Отплатата на кредитот е гарантирана со неотповикоива, неограничена и правно обврзувачка изјава и депозит на Народната банка на Република Македонија во висина од 10.000.000 марки, на сметка број 08081232 кај Дрезден Банка.

Гаранцијата е потпишана од страна на гувернерот на Народна банка на Македонија, а врз основа на писмена согласност од 26.09.1995 година, од страна на претседателот на Владата на Република Македонија и позитивно мислење од министерот за правда за усогласеноста на ваквата гаранција за уставните одредби и позитивните законски прописи на Република Македонија, кои се однесуваат на надлежностите на Народна банка на Македонија. Каматата се отплаќа квартално во висина од 1% над каматата на депозитот на Народна банка на Македонија.

Договорот предвидува отплатата на обврските по кредитот да се врши на товар на тековната сметка на Амбасадата на Република Македонија во Берлин кај

Дрезден Банк број 02696757. Договорот склучен на 13.10.1995 година во име на амбасадата го има потпишано амбасадорот на Република Македонија во Сојузна Репубклика Германија. Од основањето на Заводот за ревизија, согласно Законот за буџетите и Законот за кридитни односи со странство, задолжувасње на државата во странство се врши врз основа на предлог на министерот за финансии до Владата на Република Македонија. Доколку, го прифати предлогот,Владата на Република Македонија донесува одлука со која му предлага на Собранието на РМ, донесување закон за конкретно задолжување во странство врз основа на донесениот закон, а во името на Владата на РМ министерот за финансии ги склучува договорите за кредитните задолжувања". Во овој случај не е запазена наведената процедура. За изградба на амбасадата на Република Македонија во Берлин од кредитните средства, од ороченииот депозит, од Буџетот на РМ и од остварените приходи во Амбасадата се исплатении 362.452 иљјади денари или 11.692.000 марки кои не се евидентирани на позицијата на материјални средства во билансна состојба, ниту е пресметувано амортизација и ревалоризација на средствата. Во врска со изградбата на овој објект, ревизијата е на мислење дека министерот за надворешни работи треба да формира комисија за утврдување на вкупните инвестициони вложувања, кредитните задолжувања во странство, како и за понатамомшните обврски на отлатата на кредитот.

Е, сега, господа незнам што толку ве тревожи и што толку ве возбудува кога во текот на вчерашниот ден тука имавме некои информации кои што зборуваат за цветни аранжмани, кои ви бодеа многу очи но со овие пари што се дадени тука и со кои што, ова што ви го прочитав е точно од овој завод за ревизија, ќе имаме цветни аранжмани за наредните 1567 годибни или до 30570 година, секоја година по толку пари колку што се потрошени  за цветни аранжмани во 2001 година. Или пак, за помошта, која што госпоѓата кажа дека ја нема во Гази Баба, значи овие се пари за наредните 2000 години да може да им се доделат на тие луѓе.

Да можам да бидам посликовит и попластичен за да можат граѓаните да разберат за што разговараме и за какви работи тука се разговара.

Значи, ова за вас не е симптоматично, ова за вас е во ред затоа што го направил тоа некој министер во тоа време и некој премиер, кој што и денеска е премиер и за ова воопшто нема ниту морална ниту кривична, да не зборуваме за некаква друга одговорност, а сето ова е од Заводот за ревизија. Вие побарувате веднаш извештаи и осудување на луѓето кои што го направиле ова или она.

Друг случај кој што е симптоматичен и каде не се исплатени нови ситуации од пред десетина години наназад е во Министерството за одбрана. Во Министерството за одбрана во позиција 1.14 стои дека обврските за примени краткорочни депозити и кауции во износ од 1.391.000,00, кој потекнува од периодот 1994-1996 година, зборува за градежни работи кои се одамна завршени и предадени во употреба, но со кауциите сеуште ништо не е завршено.

Со решение бр. 16/29-20 од 4.03.1998 година и решение бр. 02953/1 од 5.06.1998 година обавена е продажба на пиштоли и тоа ЦЗ99 по цена од 560 германски марки и Чешкаш Броевка 6575Б калибар 9 мм. по цени од 474 германски марки. Во оваа цена нема царина и ДДВ, но тоа и нее толку спорно. Спорно е следното:

Прво, колку лица ги оутѓиле набавените пиштоли.

Второ, точен број на лица кои должат по овој основ и

Трето, точен број на лица кои ја напуштиле службата или им прекинал работниот однос, а не ја надоместиле реалната вредност за купените пиштоли согласно член 4 од договорите кои ги потпишале.

Во моментот имаме акција на разоружување, ако ова не е дефинирано, ако не се знаат луѓето кои ги задолжиле пиштолите и кои што ги имаат мислам дека нешто не е во ред уште во почетокот, како ние ќе ги работиме работите кога како прво не знаеме кој е задолжен, колку е задолжен, колку оружје само од Министерството за народна одбрана е дадено и предадено.

Во точка позиција 1.15 стои обврските за ДДВ и данок на промет на производи и услуги искажани во износ околу 35.644.000,00, тоа е фактуриран и пресметан ДДВ за закупнина на деловен ростор, кој што Министерството за одбрана не го исполнила. Значи не ги земала тие пари а со тоа е оштетен Буџетот на Република Македонија за износот на ДДВ кој што не успеале да го наплатат.

Во став 1.77 стои “Во периодот 1992-2000 година давани се аванси на правни субјекти без да постои должничко доверителски однос во вредност од 976.818.000,00 денари, кои што и до денес не се завршени”.

Јас би сакал да потсетам, тоа е страница 332, авансите од 1992 година до 2000 година се за Струмица Експрес 1.552.000,00 денари; Ајвар ателје за проектирање Скопје 1.464.000,00 денари; ГП “Илинден”; Струга 790.000,00 денари, Македонка ткаенини Штип 2.450.000,00 денари Македонка Џинс Штип 20.650.000,00 денари; ХС Компани Скопје 94.580.000,00 денари; Тајмер Скопје 3.000.000,00 денари, Машиноремонт Скопје 7.000.000,00 денари; Штип Комерц 1.500.000,00

денари; БЕМА Скопје 240.000.000,00 денари; Ладење Скопје 55.000.000,00 денари; ФАС 11 Октомври 1.500.000,00 денари; Сименс Скопје 20.000.000,00 денари; Магнопромет Штип 29.000.000,00 денари; Сувенир Самоков 389.000,000,00 денари;Автопрогрес Камиони Тетово 1.200.000,00 денари; Автопрогрес Тетово 2.200.000,00 денари; Стопанска банка Скопје 7.000.000,00 денари, Тетекс Тетово 9.000.000,00 денари, ЕУРОИНЕСТ Прилеп 50.000.000,00 денари и МИКЕЈ Скопје 33.000.000,00 денари.

За субјектите од алинеја 1 до 7 не е извршена постапка за јавна набавка, а за сите субјекти нема квантитативен и квалитативен прием. Таков не беше даден на ревизија, а на кои се дадени парични средства кои не се покриени со прием на стока или извршена услуга. Значи ова што сакавме и го зборувавме дека се направени многу такви ситуации во кои што е купувано без набавка, купувано е без тендери, еве ги пред нас сите ситуации согласно законот и до ден денес овие работи сеуште не се регистрирани. Се работи за 900.000.000,00 денари или некаде повеќе од 30.000.000,00 марки.

Понатаму, во самиот извештај ќе видиме склучени договори на 22.10.2001 година за набавка на кујнски прибор со марсаж во износ од 308.000,00 денари без соодветно решение за набавка. Од истиот набавувач се набавени телевизори во вкупна вредност од 185.000,00 денари без постапка за јавни набавки. Значи повторно истото. Такви ќе видиме уште многу, набавени компјутери во ведност од 2.518.000,00 денари на 2.10.2001 година од добавувач македонски бизнис и сервис Скопје и многу други работи.

Значи, господа сето ова е видено. Истите министри, истиот министер, истиот премиер, но нема никакви санкции, т.е. сега истите тие бараат одговорност за работењето на ТАТ за 2001 година, за 2002 година, се предлагаат некои решенија кои што ги слушам во текот на вчерашниот ден во кои што кажуваат дека ќе треба секој човек во Македонија да биде будно пратен, да нема сон, да знае дека некој го прати. Мислам дека тоа го видовме, тоа можеби предизвика повеќе од стотина илјади досиеја во Република Македонија, во кои што сите луѓе еден за друг зборуваа што кажуваа, но многу повеќе што некој мислел да каже, па се заврши така како што се заврши - брат за брат да кажува она што не е. Можеби тоа е решението за Македонија, незнам, вие тоа го тврдите.

Понатаму нудите да се вработат нови ревизори и тоа огромен број кои што ќе ги гледаат и ќе ги завршат овие работи. Јас мислам дека во вашата изборна програма требаше да бидат вработени луѓе кои ќе работат во стопанството, а

понатаму колку ревизори ќе има ќе зависи од тоа што тие ќе сработат. Но во случај изгледа на секој бркан од работа, како што се случува во ова време ќе треба да вработиме по еден ревизор за да истите што работел човекот, што е неговата грешка што бил вработен во претходните четири години кога СДСМ не беше на власт, да се најдат сите овие работи и човекот да се избрка од работа, а на негово место да се прими ревизор. Или пак како што стои според Рамковниот договор да се примаат албанци, а да се избркаат македонци. Јас немам ништо против Рамковниот договор да се испочитува и да се вработат колку што некој кажал, да биде процент, но имам многу против за сметка на тоа да бидат бркани вработени од сите овие фирми само поради тоа што се македонци. Мислам дека тоа не смееме да го дозволиме.

Решенијата кои што ги нудите се ништо. Некој кажуваше дека има големи заштеди, еве ги заштедите, видовме за што говориме и секогаш велиме “од големото дрво не ја гледаме шумата”. Значи, останува она што некој го сфати, некој не го сфати дека СДСМ останува принципиелен во својата непринципиелност, но многу од луѓето тоа го кажуваат но малку поинаку дека почнува да владее она што беше до 1998 година како изрека “маж рекол - маж одрекол”. И тоа е веќе сега начин на кој што ќе треба понатаму да работиме.

Затоа господа мислете, ќе има ревизии и понатаму. Јас очекувам дека ова ќе го видите, а не да мислите дека од некоја ревизија од 1998 година, значи ова е ревизијата што сега е пред вас и затоа малку самокритичност и малку да се видиме каде сме. Кој колку, кога и како зеде многу добро знае народот, многу добро знаат - пола останаа на улица и како сега остануваат на улица. Затоа господа да се посветиме на нешто друго. Дајте развој, економија, дајте да одиме напред. Оставете ги ревизорите нека си ја бркаат својата работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има за реплика господинот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Репликата на почитуваниот колега Мавровски се состои во следното.

Очигледно дека господинот Мавровски со својата изјава сака да го сврти вниманието на јавноста на друга страна, односно да се пренасочи јавното мислење од времето на владеење на ВМРО-ДПМНЕ и сторениот криминал за време на тоа владеење.

Конкретно репликата се однесува на набавката и поделбата на пиштоли во Министерството за одбрана. Јас доаѓам од тоа Министерство, таму работев 23

години и можам слободно на господинот Мавровски да му кажам дека делењето на таквите пиштоли почна 1998 година, на крајот со договор помеѓу Министерството за одбрана и вработените, во кој договор децидно е укажано дека по престанокот на работниот однос во Министерството за одбрана пиштолот треба да се врати или доколку е откупен мора да се плати царината и другите давачки.

Јас господине Мавровски тврдам дека масовно делење на пиштоли во Министерството за одбрана имаше во времето на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ. По доаѓањето на СДСМ односно на министерот Бучковски во 2002 година беше донесена наредба за забрана на делење на лично оружје во Министерството и таа е сеуште во сила.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека ценетиот пратеник воопшто не ме разубеди ниту мене ниту јавноста. Јас кажав тоа што е во ревизијата. Пиштолите почнаа да се делат 1998 година, а ревизорите кажуваат дека апсолутно немаат никаква информација кои луѓе зеле пиштоли, колку луѓе се заминати од работа, кој кога ги платил и дали ги платил тие пиштоли. Значи, ова е од ревизијата за 2002 година, што ја имаме пред нас, а 2001 година господине Апостоловски ако не знаете во Македонија имаше војна и дали и како се делеле пиштоли и оружје треба да знаете малку повеќе бидејќи кажувате дека доаѓате од Министерството за одбрана.

Точно затоа и во моето искажување на почетокот кажав дека ова Министерство и Министерството за внатрешни работи во вакви услови многу тешко можеа да предвидат дека некој ќе стане против уставниот поредок на Република Македонија и дека во Македонија ќе треба да се брани некој од некого, што сега е заедно тука со нас и учествува во се ова што ние го правиме како политика и напредок на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Во врска со оваа точка од дневниот ред сакам да дадам и јас оценка. Веќе втор ден Парламентот во овој состав го разгледува Извештајот на Заводот за ревизија. Сигурно целта на ревизијата е преку контрола на документацијата и на финансиските извештаи, како и на другите податоци да се констатира финансиската

состојба и начинот на употреба на финансиски средства од страна на субјектите кои се под ревизија.

Од Извештајот на Заводот за ревизија може да се констатира дека од субјектите кои што се опфатени во ревизијата само 8% од нив имаат добри документи или е констатирана добра финансиска состојба, додека кај сите други постојат повреди на процедурите и на законските одредби, како и други нерегуларности.

Иако врз основа на Законот за ревизија се дава простор од 90 дена субјектите кај кои што е констатирана нерегуларна состојба да ги избегнат тие нерегуларности и да го информираат за тоа Заводот за ревизија. Ова го направиле мал број на субјекти.

Исто така врз оснвоа на Законот за државна ревизија Заводот е принуден за ревизијата или за резултатите од ревизијата да ги запознае субјектите кои што се под ревизија и матичното министерство, каде што е тој субјект.

Врз основа на Извештајот што ние го разгледуваме денес може да се констатира дека и по констатирање на газење на законските одредби повторно пред временскиот утврден со закон не е преземена никаква активност од страна на субјектите кои што се под ревизија.

Злоупотреба на буџетските средства, што според мене се средства на граѓаните се констатирало почнувајќи од министерствата, потоа во јавните претпријатија, како и во другите обласни единици по ред.

Ако се проанализира овој извештај ќе се види дека злоупотреби имао и во Министерството за надворешни работи, во Министерството за внатрешни работи, во Министерството за култура, во Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана и така со ред. Меѓутоа најнагласени се во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за одбрана.

Во Министерството за внатрешни работи, како и во другите министерства не се почитувале одредбите од Законот за реализирање на буџетот како и Законот за јавни набавки. Тоа што е најнагласено и за кое што со жал можеме да речеме дека е најголема несреќа е злоупотреба на финансиските средства кои што се донации од странство. Ова може да се види на страница 302 каде Министерството за внатрешни работи употребило донации од УНХЦР.

Покрај злоупотребата на финансиски средства кои биле донација од Европската Унија, кои што се дестинирани за избеглиците од Косово, ова е друг

случај со кој се докажува едно ниско ниво и деградирачко ниво. Со вакви дејствија се влијае многу врз намалувањето на имиџот на државата.

За жал Заводот за ревизија е компетентен само за вршење на контрола и врз основа на фактичката состојба која што ќе ја види да го констатира тоа и да ги запознае односните органи. Меѓутоа нема право да предлага или да презема казнени мерки кај тие субјекти кај кои што констатира газење и нерегуларности. Сигурно дека за ова се компетентни други органи за кои се поставува прашање какви мерки преземале до сега.

Мислам дека не е доволно само да се констатира нерегуларноста и нерегуларната состојба, финансиска, туку треба да се преземат и казнени мерки.

Од тоа што се гледа во овој извештај може да се констатира дека има злоупотреба, масовна злоупотреба на буџетските средства и тоа свесно и за сомнителни цели. Затоа е потребно да се измени Законот за државна ревизија и на Заводот за ревизија да се дадат повеќе компетентности, покрај констатациите да може да предлага кај истражните органи да преземаат мерки за било какви констатирани злоупотреби.

Покрај ова треба да се подигне и свеста или да се измени менталитетот кај тие што се на разни позиции и употребуваат буџетски средства. Да го имаат предвид фактот дека тие средства се на граѓаните и да ги користат врз основа на потреба и начин кој што е предвиден со закон. Ова сигурно ќе влијае кај граѓаните за да ги стимулираат тие луѓе да ги извршат своите финансиски обврски кон јавните претпријатија и кон државата.

Тоа што сакам да го нагласам на крај е дека овој извештај е еден добар одраз на тоа како се потрошени буџетските средства или подобро речено средствата на граѓаните, кои на директен начин ја исполнуваат касата на државата и дека овој извештај е силен аргумент за да се отфрлат сите обвинувања кои доаѓаат од опозицијата за политички реваншизам во текот на судските постапки кои се вршат кон поранешните функционери.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван главен државен ревизор, колеги пратеници,

Воопшто немав намера за оваа точка на дневниот ред да дискутирам, но читајќи го Годишниот извештај за извршените ревизии на Државниот завод за

ревизија, иако очекував во Извештајот констатација за ненаменско трошење на народни пари, едноставно бев фрапиран од податокот дека кај 49 субјекти кај кои се извршени ревизии ненаменски се потрошени 60 милиони евра. Ако направиме само една проста математичка споредба и го задржиме соодносот на ненаменското трошење на државните пари и ако земеме предвид да се изврши ревизија кај сите 257 корисници на буџетските средства, ќе ни се појави бројка од неверојатни 216 милиони евра ненаменски потрошени средства.

Посебно сакам да истакнам за да биде јавноста запозната, во овој Годишен извештај се содржани наодите од извршените ревизии во 2002 година кои се однесуваат на финансиските извештаи за користење на државните средства во 2001 година, кога со државата раководеше ВМРО-ДПМНЕ, а господинот Љубчо Георгиевски беше премиер на Владата на Република Македонија, а министер за финансии беше г. Груевски.

Општ заклучок од Годишниот извештај за извршените ревизии за 2002 година Државниот завод за ревизија е дека скоро кај сите контролираин субјекти се потрошени огромни парични средства надвор од секаква законска регулатива, а притоа Законот за јавни набавки во овој период како и да не постоел. Скоро кај сите институции присутна е појавата на трошење на парични средства без објавување на тендери и плаќање само врз основа на непосредни спогодби, фактури, профактури, дури на некои места вршени се плаќања без никаква документација.

Од целокупниот Извештај на Државниот завод за ревизија, кој е доста концизен и обемен, поради големиот број на аномалии би се задржал на неколку очигледни примери на ненаменско трошење односно крадење на народните пари.

На реализаторите на овие злоупотреби би можеле да им позавидат и најуспешните режисери на крим сториите, а најпознатите босови од подземјето би им симнале капа. Да почнеме со ред.

Во Министерството за надворешни работи, на страница 233: во ова Министерство е извршена набавка на моторно возило “Мерцедес бенз”- 600Л во износ од 815 илјади германски марки, а притоа не е почитуван Законот за јавни набавки, односно истото и набавено со непосредна спогодба, додека Владата на Република Македонија има донесено заклучок за набавка на возило “Мерцедес” Е430, а набавено е друго возило.

На страница 233, исто така, пишува дека се набавени 20 патнички возила марка “Мерцедес бенз” Е240 во вкупна вредност од 532 илјади евра само со Одлука на Владата за задолжување во странство, а притоа не е донесен закон од

Собранието за конкретно задолжување во странство и во овој случај не е распишуван никаков тендер, согласно Законот за јавни набавки.

Трето, на страница 234, исто така, без никаква соодветна документација исплатени се трошоци за службено патување во износ од 801 илјада денари, трошоци за хотелско сместување во износ од 1.576.000 денари и патни трошоци во износ од 310 илјади денари.

Четврто, на страна 234 вршена е набавка на авионски карти по многу повисоки цени од пазарните, по 5 пати повеќе потрошени средства за мобилни телефони од дозволениот износ, а за еден работник во Министерството е исплаќана кирија за сместување во висина од 500 германски марки месечно, а притоа му е исплаќан надомест за одвоен живот.

Да поминеме во Министерството за финансии. Од многубројните аномалии направени во ова Министерство би ги споменал следниве.

Страница 218, набавено е возило џип "Чироки" во износ од 10.853.000 денари, при што за да се заобиколи Законот за јавни набавки постапката за јавна набавка му ја доверило на Министерството за внатрешни работи, МВР го набавило истиот без тендер врз основа на Одлуката за определување на опрема, материјали и услуги од одбранбен и безбедносен карактер. Овј вид на возило не спаѓа во групата на возила од безбедносен карактер и не е дел од оваа одлука. Истото возило потоа, со Одлука на министерот за внатрешни работи, е преотстапено на Министерството за финансии.

2. Страница 218, не е спроведена постапка за набавка на опрема за употребите на трезорското работење во износ од 393 илјади американски долари.

3. Страница 216, исплатени се трошоци за репрезентација директно од благајната во висина од 381 илјада денари, а притоа голем дел од приложените сметки по потврди се без назив на фирмата давател на услугата, без печат, без датум и без спецификација за извршената услуга.

Во Царинската управа по се изгледа најголемиот криминал е вршен во Царинската управа, директорот на Царинската управа си дал за право, спротивно на законските прописи, да отвори посебна депозитна сметка на која се насочувани голем дел од приходите што ги остварила Царината, а кои требало да бидат приходи на Буџетот на Република Македонија. При контролата на оваа сметка, констатирано е дека на истата не се изготвувани никакви финансиски извештаи. Во текот на 2001 година неовластено се прибрани парични средства во висина од 288.403.000 денари кои незаконски се потрошени за следниве намени.

1. Набавени се 56 автомобили во вредност од 24.604.000 денари апсолутно без никаква документација, односно нема договори, нема фактури од добавувачи и истите се исплатени врз основа на профактура.

2. За електронско поврзување на царинските испостави платени се 28.818.000 денари исто така врз основа на профактура.

3. Платена телефонска централа во износ од  501 илјада денари врз основа на фактура, а притоа нема доказ дека централата е примена во Царинската управа.

4. За опремување на гранични премини платено е 18.600.000 денари и овде нема никаков документ за прием на опремата.

5. За изработка на канцелариски мебел платено е 1.115.000 денари, при што и за овој вид на трошок како и кај горе наведените не постои никаква документација за прием.

6. Извршени се набавки на основни средства, материјали, резервни делови, како и користење на услуги, поправка на возила, угостителски услуги и слично, за што е платен износ од 58.157.000 денари исклучиво со директни договори со добавувачите, а не со примена на Законот за јавни набавки.

7. Огромен на исплати на спонзорства на вкупен износ од 46.138.000 денари, а притоа на чело на субјектите кои ги добивале спонзорствата претежно биле раководни лица на Царинската управа.

Од сето горе наведено произлегува дека целокупните набавки извршени во текот на 2001 година не е вршена никаква евиденција, а притоа не е извршен ни попис на средствата во Царинската управа со состојба 31.12.2001 година, па поради тоа нема никакви податоци за фактичко постоење на купените средства (автомобили, компјутери, канцелариски мебел, мобилни телефони и многу други работи).

Во Фондот за здравство не сакам да ги коментирам ставките, таму се направени очигледно најголеми злоупотреби, но би се осврнал само на трошоците за репрезентација.

Направени трошоци за репрезентација во Фондот за здравство во 2001 година во вкупен износ 4.242.000 денари или вкупно 68 илјади евра. Директорот ги надминал планираните средства за репрезентација предвидени во Буџетот за 2001 година во износ од 2.100.000 евра. Ако се направи една проста  математика, просечниот број на работни денови, во месецот да има 21, односно во годината 252 работни дена, доаѓаме до фрапантна бројка дека директорот на Фондот за здравство трошел за репрезентација секој работен ден по 16.833 денари или по 271

евро. Машала! Ако тоа го претвориме во најкористените лекови за да и биде појасно на јавноста односно “кафетин”, за една година потрошил 141.400 табли апчиња, секоја табла има по 10 апчиња, така што секој граѓанин од репрезентацијата на г. Војо Михајловски во 2001 година би добил по едно апче за глава. Или, бидејќи е тоа репрезентација, ако се претвори во најчесто користената намирница за репрезентација, кебапот кај “Дестан” господинот Михајловски во 2001 година има изедено 471.333 кебапи, или фрапантна бројка дневно по 1870 кебапи, не сметајќи го кромидот и лутите пиперчиња кои се гратис од газдата.

Исто така, коментар за потрошената репрезентација во Министерството за култура. Госпоѓата Ганка Самоиловска Цветанова, во 2001 година, потрошила за репрезентација вкупно 2.779.000 денари, повеќе од предвиденото за 1.631.000 денари или во евра 44.822 евра, или дневно трошела 11.027 денари односно 177 евра. Па да и биде полесно на јавноста да ги свати овие бројки, само за репрезентација во 2001 година госпоѓата Ганка Самоиловска Цветанова потрошила 21.376 комплета за ученици од 5-то одделение, ако се земе просечна цена од 1300 денари за комплет, или дневно трошела за репрезентација 85 комплета за лектири.

На крајот сакам да истакнам дека ќе гласам за Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија, кој несомнено е обемен и содржаен, но посебно сакам да ја истакнам точката 3 дадена во констатациите на државниот ревизор, која гласи:

“Раководството на државните органи не постапуваат по Законот за државна ревизија во врска со преземањето на потребните мерки и известување на преземените мерки заради отстранување на констатираните неправилности и незаконитости”.

Исто така, во Заклучоците, точка 5 која гласи:

“Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да преземе мерки на одговорност за лицата во институциите кои вршеле незаконска употреба на јавните средства, утврдени со Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2002 година”.

И точката 7 од Заклучоците, која гласи:

“Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да ја преиспита основаноста на плаќањето на обврските од Буџетот на Република Македонија по пат на договори за цесии и асигнации меѓу субјектите во кои се вклучени буџетските корисници и фондовите”.

Почитувани колеги, навистина денес сум збунет од вчерашната изјава на екс министерот за финансии, кој дефакто призна дека имало ненаменско и незаконско

трошење на буџетските пари, но немало криминално дело, односно немало криминал. За мене а и за целата јавност во Република Македонија границата меѓу незаконското трошење и криминалот воопшто нема од причина што при изборот на министрите истите во својата свечена изјава изјавуваат дека ќе ги почитуваат законит на Република Македонија.

Сега се поставува прашањето дали ги почитуваат законите, а Државниот ревизор го констатирал непочитувањето на законите за користење на државните пари.

На крајот, се надевам, а и граѓаните на Република Македонија очекуваат овие констатации и заклучоци на Државниот ревизор Владата на Република Македонија да ги реализира во целина, за да во иднина не ни се služува криминалци да ги трошат народните пари.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика за г. Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Да разјасниме една работа која ценетиот колега во критиката која му ја поддржувам ја испушти, а тоа е дека во периодот кој Заводот за државна ревизија го посматра на власт во поголемиот дел е широката коалиција. И сега доаѓа нужната реплика како појаснување. Во делот што се однесува на Министерството за надворешни работи, во тој период министер е сегашната министерка Илинка Митрева. Ако ценетиот колега навистина држи до својата последна реченица, тогаш очекувам дека нема да биде селективен, туку за сите тие што тој мисли дека е кабаетлија ќе продолжи да го има истиот став.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Никола Апостоловски, повелете.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Јас ќе се залагам за реализација на последната моја реченица и ќе ја повторам уште еднаш.

Се надевам, а и граѓаните на Република Македонија, очекуваат овие констатации и заклучоци на Државниот ревизор Владата на Република Македонија да ги реализира во целина, за да во иднина не ни се случува криминалци да ги трошат народните пари. За сите, нема селективност. Селективност имаше од 1998 до 2002 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусии или со реплика?

Господин Спиро Мавровски, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Еве, ценетиот колега ни објасни дека е доста спремен за оваа проблематика, значи се подготвувал, изброил кебапи, кромид и многу други работи. Но повторно не одговори дали 11 милиони марки се малку сегашниот премиер без никаква одлука ниту на Влада ниту одлука на Парламент да ја задолжи Република Македонија. Дали тоа не е криминал и дали за тоа не треба да се одговара. Се работи за 11 милиони марки што многу тешко ги претворам во кебапи, оти ќе дојде многу, ќе дојдат во милијарди, така што не ќе можеме да разговараме повеќе.

Затоа, ќе замолам кога некој ќе смета и ќе пресметува да го има на ум и ова што го гледа пред него.

И уште една работа. Бидејќи доаѓа од Министерството за одбрана, една работа која е дадена во овој Извештај, каде е даден аванс од 63.756.000 во 1993 година од Министерството за одбрана во Министерсвото за внатрешни работи и истото зададениот аванс во износ од 41.215.000 денари, стручната комисија не извршила прием поради несоодветен квалитет, а 22.541.000, не е настанат ни должничко доверителен однос односно нема прием на стока, а тоа е веќе завршено. Во моментот се водат случаи и се водат кампањи кога се осудуваат луѓе за вредност од 40 илјади денари, злоупотребиле дигалка за да може да се слезе донесена стока од Фондот за здравство за да можеме да растовариме во Битола, во моментот се води и е покрената кривична пријава за 40 илјади денари против директор кој ја злоупотребил службената должност. Јас зборувам овдека за 11 милиони, некој кажува дека криминалец може да биде и за ручек од 15 илјади денари. Не убедуваа дека сега се штедело - само да ја завршам реченицата - се штедело на телефонските сметки, биле 21 илјада во претходната власт, сега се за жал 56 илјади и мислам дека е голема заштедата.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Колега Мавровски, за мене нема разлика во криминалот која Влада го прави и кој го прави, дали е 49 денари, или 49 милиони, криминал е криминал и криминалците се криминалци. Јас едно ќе ви кажам. Оваа Влада секој ден добива нови фактури и договори за вашите злоупотреби, за вашето владеење од 1998 до 2002 година. И мислам дека до крајот на мандатот до 2006 година ќе стигнуваат ваквите договори, што вие тоа намерно го направивте од причини што знаевте дека ќе ја загубите власта во 2002 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-ѓа Силвана Бонева:

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам почитувана потпретседателке, во дискусиите досега по повод Годишниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија за 2002 година слушнавме многу дискусии посебно од страна на позицијата чија што општа карактеристика беше тоа што се навраќаа на работењето на претходната власт. Разбирливо е почитувани колеги, дека никој неможе да ја искоментира ова книга од 430 страници. Меѓутоа, не е разбирливо тоа што нашите колеги од партиите на власта му приоѓаат селективно и пристрасно на материјалот, а истовремено тврдат дека материјалот го разгледуваат непристрасно со чесни намери при што сосема со мирна совест си ги премолчуваат извештаите за незаконитите работења на нивните сопартијци кои што се први луѓе на некои општини и фондови. Ако сме сите ние за законито трошење на народните пари, не смееме да дозволиме од таа тема да правиме само демагошки театар тука во Парламентот и од сите што се залагаат за проверка на незаконитото работење на претходната Влада барем да слушневме една макар и демагошка критика за своите сопартијци кои што водат општини или фондови. Тоа зборува дека повторно почитувани колеги се тргнати во демагошки поход како и секој пат едно да зборувате, а сосема спротивно да правите. Сите содржината на овој Извештај ја гледавте само низ партискиот нишан, а целта ви беше сосема јасна, да отстрелате некоја личност од противничкиот табор, а не вашата декларирана грижа за народните пари. Немаше да мислам така почитувани колеги ако само со еден збор повторно ќе кажам ги спомневте и утврдените незаконитости во работењето на вашите сопартијци. Еве, јас поведена од вашето селективно гледање на работите детално го разгледав Извештајот а посебно се задржав на Извештајот на државната ревизија за градот Скопје каде што г-динот Ристо Пенов од ЛДП е градоначалник и за општина Кисела Вода. Накратко ќе се задржам на тоа што го има утврдено Државниот завод за ревизија најпрво во Буџетот на градот Скопје при контролата на Буџетот на градот Скопје. Овде Државниот ревизор има кажано дека Буџетот на градот Скопје во ставката 1.2, дека не ги содржи вкупните приходи и трошоци во Буџетот што е спротивно на законските прописи и статутарните одредби на град Скопје. Понатаму, дека не е почитувана одредбата износите на трошоците кои што ги утврдуваат во годишниот буџет да се сметаат за максимални износи и над овие износи да не се трошат народни пари како што велите вие, а трошено е многу

повеќе, ќе видите понадолу. Понатаму, дека трансферите на средства од Буџетот на градот Скопје на сметка на органот се обавува збирно без да има назнака за кој вид на трошок се однесува со кое се губи можноста за следење на наменското користење на буџетските средства. Јас нема да коментирам како вие, што стои позади тоа. Извршена е прераспределба на средстватата во износ од 459 милиони денари без соодветна одлука на Советот на град Скопје и спротивно на законските прописи. Понатаму ставката основни плати и наемнини и плати на функционери е преценета поради непостоење на акт за пресметка на платата на функционери во согласност со критериумите кои што важат за органите на град Скопје и затоа не биле во состојба државните ревизори да го квантифицираат ефектот врз вишокот на приходите над расходите од погоре наведените наоди.

Ставките надоместоци патни и дневни трошоци, материјални трошоци за транспорт,договорни услуги и други оперативни трошоци се преценети за износ од 14 милијарди 307 милиони денари, значи толку е потрошено повеќе и тоа само во делот на потставки што се однесуваат на надомест за храна, за патување во земјата. Еве, само патување во земјата е надценето за 395 милиони денари. Понатаму, вака поспецифични и големи бројки, горива, масла, гуми и сервисирање на моторни возила за износ од 428 милиони денари. Купување мебел и опрема за органите на управата, иако не било утврдено со Буџетот е потрошен износ од 4 милијарди 615 милиони денари. Понатаму, ставките материјални трошоци за транспорт, рутинско одржување и други оперативни трошоци се подценети за износ од 5 милијарди 881 илјада денари, значи поради непланираните средства во Буџетот, а се извршени во органот и на издвоените сметки за реконструкција на Камениот  мост, за поубав град, реконструкција, уредување на Скопската тврдина “Кале” и тоа во делот на подставките, одржување на хигиена на алати и ситен инвентар автоматска обработка, ленти и касети за автоматска обработка на податоци, копирање, печатење во износ од 745 милиони денари, изборни активности во износ од 250 милиони денари, значи сето тоа е над она што било утврдено во Буџетот, понатаму, друга опрема и недвижности во износ од 4 милијарди 041 милиони денари и да не редам понатаму. Во точката 1.13, државните ревизори велат: Не бевме во можност да ја верификуваме состојбата на билансната позиција здружени станови, станбени згради и деловен простор во јавното претпријатие за управување со станови и станбени згради и деловен простор, изворите на капитални средства со кои што располагаат и управуваат фондовите, државен капитал, поради непостоење на соодветна документација од која може да се констатира

сопственоста. И понатаму продолжува како што е кажано од сето досега, вишокот на приходи над расходи е потценет за износ од 27 милијарди 666 милиони денари поради преценети трошоци за 17 милијарди 734 милиони денари и понатаму продолжува, според наше мислење поради ефектите на наодите финансиските извештаи на Буџетот на град Скопје за 2001 година невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со важечката законска регулатива. Според нивно мислење понатаму тие тврдат дека не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои што претставуваат државни расходи.

Понатаму, буџет на општина Кисела Вода. И овде е констатираон финансиско работење во целост спротивно на законските одредби. При вршењето на ревизијата на финансиските извештаи за 2001 година ревизијата констатира дека книговодствените евиденции се неажурни од повеќе аспекти, документацијата во прилог на налозите за книжења не е комплетна, не соодветно евидентирање има на ставките во аналитичките евиденции. Понатаму, формирање на налози за книжење на крајот од пресметковниот период, а не последователно во времето на фактичкото настанување на промената, не е воспоставена евиденција на влезни и излезни фактури, нема книга на основни средства што е апсолутно исто како што е во град Скопје, а тоа не го прочитав, значи апсолутно исто се пресликува и тука, значи нема влезни и излезни фактури, нема книга за основни средства кое придонесува за ненавремено евидентирање на промените. Да не зборувам, истото како што беше во градот Скопје и овде позицијата плати, наемнини и надоместоци за функционерите е преценета за износ од 6 милијарди 729 милиони денари.

Понатаму, во точка 1.7, Државниот ревизор вели: Со вршењето на ревизии и следење на постапките при јавните набавки согласно со Законот за јавни набавки ревизијата ги утврди следнит слабости: Во решението за прибирање на понуди за тековно одржување, реновирање на барака е назначена точната сума на јавната набавка во износ од 1 милијарда 521 милиони денари која што во моментот на издавање на решението неможела да биде позната. Согласно членот 42 од Законот за јавни набавки не е извршено објавување на јавната набавка за тековно одржување во средствата за јавно информирање. Понатаму, ревизијата утврди дека во износ од 157 милиони денари кои се однесуваат на набавка на уметнички слики не е спроведена постапка за јавна набавка. Овде се зборуваше многу за уметнички слики кои се во сопственост на Министерството, кои се подарени, а овде имаме купени уметнички слики за кои што не е спроведена постапка за јавна набавка.

Ревизијата понатаму утврди дека јавен конкурс општината нема спроведено, понатаму не се евидентирани и ненаплатените побарувања од купувачи, односно побарувања од закупнини. Вели, се констатираа и недоследности кај книговодствената евиденција, како што кажав нема книга за основни средства, не постои евиденција за обврските за ДДВ. И на крајот констатацијата, да не читам бидејќи тоа е навистина многу, констатација на држаниот ревизор дека финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Кисела Вода по 31 декември 2001 година и резултатите од работењето за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива. Според наше мислење продолжуваат понатаму, во Буџетот на општина Кисела Вода не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиские трансакции кои што претставуваат државни расходи.

Истото почитувани колеги доколку обрнавте малку повеќе внимание ќе го видевте и во органот на град Скопје што се има, истото се повторува за платите на функциониер, за надоместоците, истото се повторува за трошење за ставките надоместоци за патни и дневни трошоци, трошоци за транспорт и тековно одржување кои што се преценети и овде во износ од 8 милијарди 501 милион денари поради исплата на средства над утврдениот Буџетски лимит и непланирани средства со Буџетот на град Скопје и тоа во делот на потставки. Патување во земјата за износ од 395 милиони денари и тоа во разделот Совет на град Скопје во износ од 72 милиони денари, во раздел градоначалник на град Скопје за износ од 315 милиони денари и во раздел управни административни органи и тела на град Скопје во износ од 8 милиони денари, канцелариски материјали, касети, одржување хигиена, алати во износ од 1 милијарда 560 милиони денари над утврденото што е во Буџетот, што смеело да биде потрошено. Понатаму горива и масла и сервисирање на моторни возила во износ од 426 милиони денари, друга опрема и недвижности во износ од 304 милиони денари. Ставка мебел и канцелариска опрема преценета за износ од 4 милијарди 615 милиони денари. Ставки, заеми на поединци и нестопански организации преценета во износ од 6 милијарди 233 милиони денари, поради ненамеснки исплати на заеми, позајмици, значи да не читам понатаму. Заклучок и овде е дека невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со важечката законска регулатива и дека не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

Почитувани дами и г-да, скоро за сите фондови и на општина Кисела вода и на град Скопје истото се случува. Истото се случува и тука. Би прочитала само уште неколку бидејќи навистина многу се читаше и вчера и денес. За општина Кисела Вода повторно, со вршењето на ревизијата и следењето на постапките при јавните набавки согласно Законот за јавни набавки, ревизијата го има утврдено следното. Неприменување на постапката за извршени јавни набавки во износ од 20 милијарди 154 милиони денари. Понатаму, склучени договори за набавка по пат на непосредни спогодби без да се спроведе псотапка за јавна набавка и утврдено е дека нема тендерска документација за вкупен износ од 13 милијарди 809 илјади денари. Склучени се неколку договори во повеќе наврати од еден ист добавувач СЕМОС-Енергетика- Скопје за вршење интервенции на улично осветлување во вкупен износ од 3 милијарди 989 милиони денари и да не редам понатаму и констатацијата последна на државниот ревизор.

Почитувани дами и г-да, јас сосема за на крајот би кажала дека наше е да обрнеме внимание и да укажеме на констатираните неправилности од страна на Државниот завод за ревизија во финансиското работење. Наше не е да судиме и да пресудуваме. Ние сите се декларираме за правна држава, а во неа постои поделба на законодавна, извршна и судска власт. Колегите од позицијата заборават дека постојано премиерот и Владата и министрите ја убедуваат нашата јавност, а и меѓународната јавност дека гради демократско општество во кое што постои јасно разграничување и на законодавната и на извршната и на судската власт. Меѓутоа јасно е и тоа дека лесно го декларираат тоа што сметаат дека убаво е и треба да се чуе, но вистински функционира токму спротивното. Па така, некои од колегите со своите дискусии ги презедоа ингеренциите на судството, значи на судската власт, па овде пресудуваа дека врз основа на констатираните неправилности во финансиското работење од Државниот завод за ревизија за луѓето на кои што им е вршена ревизија се криминалци, односно како што кажа последниот колега : краделе народни пари. Сега ве прашувам почитувани колеги, дали треба да се користите со квалификациите криминалци и дека краделе и трошеле народни пари и овие луѓе што се ваши сопартијци и кои што се на чело на општините и фондовите, на вашите коалициони партнери. Кога веќе се постави на дневен ред овој извештај , почитувани дами и г-да јас сметам дека оваа дискусија, требаше со оваа дискусија да се види што е тоа што е заедничко во уврдените незаконски работења кај сите правни субјекти, дали нивните постапувања се резултат на недоволно јасната законска регулатива, на недоволната контрола, нефункционирањето на инспекциите, дали е

потребно надлежните да спроведат неселективни постапки за оцена на одговорноста и да не редам понатаму, мислам дека требаше сериозно и непристрасно повторно ќе кажам неселктивно да се гледа на сите констатирани неправилности, ако сакаме вистински да градиме правна држава во која што ќе имаме рамноправен третман на сите граѓани без оглед дали и припаѓаат на позицијата, или на опозицијата.

ЛИЛЈАТА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Славе Арсоски.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Да реплицирам, навистина сум збунет, бидејќи бројките што се искажаа од претходниот дискутант, да имаше американски буџет толкави средства сигурно ќе немаше нигу град Скопје, ниту општина Кисела Вода. Јас незнам каде ги најдоа тие бројки во милијарди денари. 13 милијарди денари за набавка на опрема, 4 милијарди денари за некои трошоци. Навистина Извештајот го гледам, или свесно така се искажаа тие бројки заради јавноста што мислам дека никаде таквите бројки не се застапени. Навистина барам одговор, бидејќи во милијарди денари ова што се кажа, навистина никако не ми оди во глава, ниту го има тука, ниту е можно да се направи тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Колега овие три нули можеби доведоа до забуна, меѓутоа не беше намерно. Направен е лапсус. Меѓутоа, дали се милиони или милијарди, вие рековте и за 40 денари, кражба си е кражба, по ваше ако вака ги кавлификвуаме работите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Колешката овде кажа многу бројки. Меѓутоа она што на почетокот од нејзиното излагање ме испровоцира е тоа што таа кажа една констатација дека ние секогаш се навраќаме во работата на поранешната Влада. Ако јас не се лажам Годишниот извештај е за работата во 2001 година. Да, во едно време имаше широка коалиција. Тие можат да ги истакнат сосема легитимно целото незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства во неколку министерства кои биле водени од луѓе претставници од тогашната позиција. Меѓутоа за кого ние да зборуваме во тој

период. Како да не се навраќаме на тој период кога Извештајот е за тој период кога тие беа на власт.

ЛИЛЈАН АПОПОВСКА:

Реплика има госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Токму и тоа се обидуваме со нашите дискусии да кажеме дека овој период навистина е период во кој владееше широката коалиција. Меѓутоа нашите колеги од позицијата го заборавија тоа и нивните дискусии беа насочени само кон претставниците на претходната власт, сегашната опозиција. Имено нивните напади беа врз претставници на ВМРО-ДПМНЕ, а не кон сопствените имиња.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Колешката Бонева истикна дека ние ги судиме поранешните минситри или функционери во Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Воопшто не е така. Јас само ја цитирав точката 5 од Заклучоците на Државниот ревизор, во кој верувам. Штом тој канстатирал дека има незаконско трошење на пари, ја предложил точката 5 во Заклучокот кој гласи - Собранието на  Република Македонија  ја задолжува Владата на  Република Македонија  да преземе мерки на одговорност за лицата во институциите кои вршеле незаконска употреба на јавните средства, утврдени со Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2002 година. Тука ништо нема спорно. Тоа исто го потврди и вашиот претседател на партијата дека има злоупотреба односно ненаменско трошење на пари.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, Владата не може да преземе вакви мерки. Јас  кажав дека постои јасно разграничување на извршната, судската и законодавната валст. Значи, ако има констатирно неправилности се знае кои институции во системот треба да интервенираат, а јасно е тоа , и вашите констатации и вашите зборувања, се што зборувавте го гледавте низ вашиот партиски нишан.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува г-дин Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Сакам да демантирам дел од наводите во излагањето на госпоѓата Бонева. Имено таа во својот говор истакна дека членовите на позицијата, во своите настаи по оваа точка на дневен ред, во однос на Извештајто на Држацниот завод за ревизија, настапувале пристрасно и демагошки, дека ги нарекувале криминалци сите оние што ги пречекорувале своите  законски овластувања, а врз основа на содржината на Извештајот кој денес е на дневен ред. Сакам да кажам дека апсолутно не е точно дека е дискутирано пристрасно и демагошки, бидејќи сите пратеници дискутираа во однос на фактите кои се наведени од Државниот завод за ревизија, од документот што ни е доставен тука. Така што апсолутно не е точно.

Сакам да го поставам јавно прашањето, бидејќи вчера во текот на расправата и во медиумите од повеќе пратеници на ВМРО-ДПМНЕ беше пласирана тезата односно дадена изјавата дека тоа што понекогаш е ненаменски, незаконски, не претставува криминал.

Би сакал овде јавно да го поставам  прашањето што е криминал, бидејќи ако се раководиме од Законот за буџетите, членот 33 став 1 вели: “Износите на трошоците утврдени со Годишниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не можат да се превземаат никакви обврски”. Ставот 2 понатаму објаснува дека за се што е надвор од предвиденото во Буџетот треба да се направи ребаланс на Буџетот.

Што е криминал?  Го поставувам прашањето, дали она што е незаконски и некој што ќе признае јавно во Парламентот и во медиумите дека се правени пречекорувања и дека се трошени ненаменски средствата, спротивно на цитираните одредби од Законот за буџети, дека тоа од една страна може да биде незаконски, меѓутоа не е криминал. Тогаш ако тие господа од опозицијата така сметаат, нека продолжат да работат ненаменски и незаконски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали има друг за реплика.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Нема да беа вашите дискусии пристрасни и демагошки ако се задржевте и вие на фактите кои се наведени во Извештајот, а кои се однесуваат и на вашите партиски колеги или коалициони партнери. А за тоа што е криминал, се утврдува во истражни судски постапки. Тоа не е наша работа. Ова е законодавен дом, а не судница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има г-дин Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Госпоѓа Бонева, најверојатно не ги пратевте нашите дискусии затоа што ниту бевме некритични, ниту бевме субјективни. Сите дискутанти бараа, тие што направиле злоупотреби да бидат казнети, без разлика на партиската припадност. Баравме сегашната власт да биде будно пратена во нејзината работа. Се повикувавме на надлежните органи да си ја вршата својата работа. Државниот завод за ревизија да биде со полн капацитет, со најголем број на ревизори и со извршени ревизии, токму од 1 ноември 2002 година наваму. Едноставно сакавме, еве јас лично, да не се штити ни еден минситер, ни еден градоначалник, ни еден директор, пред се од мојата партија. Секој како што ќе си работи така и да си одговара. Се залагавме сите до еден за оваа работа. Едноставно имате тека задача. Сакате да одбраните нешто што обејктивно не можевте да го браните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, незнам од каде изведовте заклучок дека имам кажано оној што грешел не треба да одговара. Јас изричито кажав дека треба да се спроведат не селективни постапки за оцена на одговорноста. Тоа е она што треба да си го спроведат органите надлежни во државата за таа работа. Ние не треба да се занимаваме со тоа. Има кој да поведува постапка, врз основа на докази.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално за збор се јавува г-дин Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во репликите на ценетите колеги многу малку се задржаа на она што го кажа пратеничката Бонева туку директно се напаѓаат другите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и се изнесуваа ставови што не беа кажани во претходната дискусија. Г-динот Кондарко со тоа што ги повикува пратениците на ВМРО-ДПМНЕ..

(Дофрлање од место).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, има право на три минути, да се исслушаме.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека не е ваше да цените дали е процедурално.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Мавровски држите се до процедурата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Кондарко се повикува на некои членови од Законот и од Уставот како треба да гласат. Јас кажав дека без одлука на Влада, без одлука на Парламент донесено е задолжување на Република Македонија од пвоеќе од 10 милиони..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега веќе влегувате во дискусија. Ви го одземам зборот.

Одиме понатаму.

За реплика се јавува г-ѓа Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Јас би сакала и имам потреба и лично да демантирам дека мојата дискусија не беше ниту пристрасна ниту демагошка. Јасно беше, тоа и целата макеоднска јавност може да го оцени дека се државме до фактите, бројките и аргументите што се изнесени во Извештајот и кажав во мојот увод на дискусијата дека овој Извештај не е правен од некои партиски кадри на позицијата. Извештајот е изработен од органот кој е овластен за контрола на финансиското работење на државните институции.

Јас би сакала конкретно да ја прашам пратеничката Бонева. Имено таа изрази жалење дека ние не сме дискутирале за министрите од широакта коалиција кои припаѓаат на нашата партија. Еве јавно кажувам дека немаме таква информација и немаме никакви дамки, ниту пратениците ниту минситрите што беа во широката коалиција. Но после широката коалиција повторно беа министри од редовите на нејзината партија и сигурно до колку имало некаква злоупотреба, пратеничката Бонева ќе ги имаше тие информации и доблесно ќе беше да дискутираше токму за тие позиции каде што ги државме ние тие минситерства од партиите на коалицијата. Така што најпринципиелно ќе беше да не изразува жалење туку да дискутира до колку имало некакви злоупотреби, а не да избере за дискусија по Извештајот, да дискутира по финансиското работење за општини од градот Скопје. Има многу претставници односно пратеници од градот Скопје, а доколку таа сакаше да дискутира за локалната самоуправа, би требало да го избере градот Струмица од каде што потекнува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана колешке и вие наместо да го изберете градот Берово и незаконското работење, како што овде е кажано, на вашиот градоначалник, го избравте Фондот за здравство. Ние пратениците имаме апсолутно право да коментираме по се што е изнесено во Извештајот, бидејки е ставен на дневен ред. А за тоа дека не сте биле пристрасна докажува и фактот, мене ми наоѓате замерка дека зборувам за градот Скопеј, а вие самата наместо да зборувате за градот Берово и вашиот градоначалник вие зборувавте за Фондот за здравство. Како тогаш имате право да барате од мене да зборувам за градот Струмица. За жал градот Струмица не е во овој Извештајот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имаме уште еден пријавен за дискусија. Тоа е господинот Коце Трајановски. Меѓутоа таа дискусија ќе остане после паузата.

Предлагам пауза од 12,00 до 14,00 часот поради одредени обврски.

(По паузата седницата не продолжи со работа)